**20150983052**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за судска служба,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2015 година.

Бр. 08-2570/1
11 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА

Член 1

Во Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“број 43/14 и 33/15) во членот 144 став (1) зборовите: „ во рок од две години од денот на започнувањето со примена на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „соодветни на неговото работно место, на кое бил распореден на денот на отпочнување со примена на овој закон, во рок од една година од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".